ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0903-151/8**

**Дата: 10.11.2009**

**ЈУ ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА ,,ЗАФИР САЈТО,, КУМАНОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈУ Дом за стари лица ,,Зафир Сајто,, Куманово – Сметка на расходи на буџетот на дотации, за 2008 година, кои се прикажани на страните 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е извршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на ЈУ Дом за стари лица ,,Зафир Сајто,, Куманово, за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

    - Мирјана Атанасовска, директор, од 18.05.1993 до 31.12.2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 22.06.2009 до 15.09.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
    - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 10.1 Систем на интерни контроли

10.1.1. Со увид во Правилникот за систематизацијата на работните места, ревизијата констатира дека предвидените работни места не се целосно пополнети со извршители поради што е отежнато нормалното извршување на редовните функции на Домот. Работните места кои се од клучно значење (самостоен сметководител и благајник) се пополнети со лица вработени по договор за дело. Домот нема вработено раководител на одделението за општи, заеднички и правни работи поради што ревизијата не беше уверена во компетентноста и одговорноста на лицата кои ги извршуваат работните задачи предвидени за ова работно место. Вака воспоставениот систем на организација доведува до состојба на преклопување на овластувања и концентрирање повеќе должности кај едно исто лице без целосно утврдување и разграничување на одговорностите. Од месец јуни 2009 година овластениот сметководител и благајникот на Домот се привремено вработени, со што е постигнат напредок во зајакнување на контролата и разграничување на одговорностите при извршување на работните задачи.

10.1.2. Домот нема воспоставено ефикасен систем на интерни контроли во процесот на евидентирање и следење на промените на залихи на материјали од магацинот. Издавањето на материјали се врши со требување од вработените без одобрување од страна на одговорно лице или пак од него овластено лице кое со својот потпис би го контролирал и одобрил барањето за потрошок на материјали. Издавањето на материјали од магацинот во текот на годината се евидентира само во материјалната евиденција. Еднаш годишно на крајот на годината се евидентира вкупниот промет на залихите и состојбата утврдена со попис во финансиското сметководство, спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Ваквиот начин на работа не ја прикажува реално состојбата на промените на залихите во финансовото сметководство во текот на годината како и не оневозможува реално усогласување на овие две евиденции.

**Препораки:**

1. Директорот на домот да достави дополнително барање до надлежните органи за согласност за вработување и пополнување на упразнетите работни места предвидени во систематизација, а посебно за вработените кои извршуваат сложени работни задачи.
2. Директорот да воспостави ефикасен ситем на интерни контроли и пишани процедури во процесот на издавањето на материјали од магацинот. Издавањата од магацинот да бидат одобрени со потпис од одговорното лице или од него овластено лице, со истовремено евидентирање на сите промени на залихите во финансовото сметководство.

### 10.2 Неправилна примена на акти

10.2.1. Согласно важечкиот Колективен договор за социјална заштита донесен во 2006 година, во Домот за стари лица извршено е зголемување на платите на вработените во еднакви месечни износи со цел усогласување со коефициентите утврдени во Колективниот договор. Врз основа на Одлука на Влада на РМ од 2006 година извршено е зголемување на платите на вработените во Домот уште за 20%. За извршеното зголемување на плата не се извршени измени и усогласување на интерните акти на Домот (правилник за систематизација, одлука за утврдување висина на вредноста на бодот како и решенија за плати), поради што важечките акти за исплата не ги прикажуват реално и точно вистински исплатените износи на плати.

**Препорака:**

1. Одговорните лица во Домот целосно да ги имплементираат настанатите измени во врска со стекнатото право на покачување на плати. Да се донесе нов правилник за плата согласно извршените усогласувања на коефициентите со Колективниот договор, а за извршените зголемувања на плата од 20% да изврши зголемување на вредноста на бодот врз основа на кој се врши пресметка на плата.

### 10.3 Незаконско и ненаменско користење на средствата

10.3.1. Во Домот за стари лица од вкупно предвидените 33 работни места во систематизацијата, пополнети се со извршители 25 работните места. За пополнување на упразнетите работни места во текот на 2008 година Домот континуирано ангажира околу 13 лица по договор за дело за извршување на редовни работни задачи, од кои 5 лица се поставени на работните места кои се веќе пополнети или пак не се предвидени во актот за систематизација. Исплатата на плати и други надоместоци на овие лица се врши во согласност со актите на Домот, а во висина на плата на редовно вработени лица. Ваквиот континуиран ангажман на подолг период на исти лица за извршување на редовни активности во Домот, без претходно обезбедена согласност од надлежен орган е во спротивност со Законот за привремени вработувања и има за ефект незаконски потрошени средства во вкупен износ од 954 илјади денари.

**Препорака:**

1. Директорот на домот да ги раскине договорите за дело, а упразнетите работни места кои се предвидени во систематизација да ги регулира согласно Законот за привремени вработувања.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на ЈУ Дом за стари лица Зафир Сајто Куманово – Сметка на расходи на буџетот на дотации под 31 Декември 2008 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.3 кај ЈУ Дом за стари лица ,,Зафир Сајто,,Куманово - Сметка на расходи на буџетот на дотации, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

13. **Прифатени и коригирани неправилности од страна на Домот за стари лица – „Зафир Сајто” Куманово, во текот на ревизијата**

    1. По завршување на ревизијата извршени се корекции на одделни состојби на сметките во главната книга во 2009 година по препораки на ревизијата кои имаа за ефект намалување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба на ден 31.12.2008 година за 91 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење бр. 138 од 31.12.2008 година.

Скопје, 09.11.2009 година **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 13,293 | 7,958 |
| **Вкупно приходи** | **13,293** | **7,958** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 5,538 | 1,375 |
| Стоки и услуги | 7,755 | 6,583 |
| **Вкупно тековни расходи** | **13,293** | **7,958** |
| **Вкупно расходи** | **13,293** | **7,958** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 6 | 31 |
| Активни временски разграничувања | 801 | 771 |
| Залихи | 337 | 231 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,144** | **1,036** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 9,050 | 9,207 |
| **Вкупно постојани средства** | **9,050** | **9,207** |
| **Вкупна актива** | **10,194** | **10,243** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 374 | 380 |
| Краткорочни финансиски обврски | 6 | 14 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 427 | 391 |
| Пасивни временски разграничувања | 0 | 21 |
| **Вкупно тековни обврски** | **807** | **806** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 9,387 | 9,437 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **9,387** | **9,437** |
| **Вкупна пасива** | **10,194** | **10,243** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **9,207** | **230** | **9,437** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **5,225** | **5,225** |
| Набавки | - | 5,225 | **5,225** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **157** | **5,118** | **5,275** |
| Потрошени материјали | | 5,118 | |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | **-** |
| Амортизација | 157 | | **157** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **9,050** | **337** | **9,387** |



*Овластен државен ревизор*

--------------------------------------

***Овластен државен ревизор***

----------------------------------------